Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и петатта седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10.6.2024 година

Скопје, јуни 2024 година

# З А П И С Н И К
## од Дваесет и петатта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.6.2024 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:45 часот.

Со седницата претседаваше м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Викторија Аврамовска – Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Онур Али, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата не учествуваа м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Илир Демири, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и Наим Бајрами, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација на Претседателот на Република Северна Македонија во врска со Самитот на шефови на држави или влади на Иницијативата за соработка на земјите од Југоисточна Европа - ПСЈИЕ, со Барање

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата на Претседателот на Република Северна Македонија во врска со Самитот на шефови на држави или влади на Иницијативата за соработка на земјите од Југоисточна Европа - ПСЈИЕ, со Барање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за хотелско сместување, изнајмување на сали, техничка опрема, цветни аранжмани, официјален ручек и вечера, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за едно ВИП патничко моторно возило и еден Миниван со осум седишта за секоја делегација, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за знамиња на учесниците на Самитот, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за потребите на прес центарот, за кои ќе добијат технички слецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за ВИП Услуги на Меѓународниот Аеродром Скопје за секоја делегација која ќе допатува со авиопревоз.

6. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди соодветен број на медицински возила и дежурни медицински тимови.

7. Се задолжува Министерството за надворешни работи да се вклучи во подготовките и реализацијата на Самитот во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

8. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да се вклучи во подготовките и реализацијата на Самитот во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

9. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во износ од 10.000.000,00 денари на ставка 413110 - Тековни Резерви (разновидни расходи), раздел - 01001 - Претседател на Република Северна Македонија, Програма 21 - САМИТ ПСЈИЕ - во рамките на буџетот на Претседателот на Република Северна Македонија за 2024 година за: печатење, координативни средби, протоколарни состаноци и претходници на делегации, креативи, промотивни материјали, огласи и билборди, ангажирање на надворешни стручни соработници и други дополнителни трошоци.

За таа цел, се задолжува Министерството за финансии до Владата да достави соодветна Предлог – одлука, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По повод укажувањето на д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, дека според податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, во следните два дена, 11 и 12 јуни 2024 година (вторник и среда), подрачјето на градовите Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран ќе биде зафатено од високи температури – портокалова фаза, Владата ги донесе следните препораки:

1. Ослободување од работните обврски на најранливите групи население, поточно: бремените жени и лицата на возраст над 60 години.

2. Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во период од 11 до 17 часот.

3. Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомници.

4. Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавците на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Бојан Маричиќ**